за објавување на

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА**
**МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Се објавува **О Д Л У К А ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА** со Бр.09-2689/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/34 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник

на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25) Советот на Општина Берово на 13-та седница, одржана на ден 18.06.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА**
**МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Член 1

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка кој е утврден со Одлука за воспоствување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општна Берово со архивски бр.09-660/1 од 28.05.2026 година, донесена од страна на Советот на Општина Виница , за обезбедување на услуги од Општина Берово за Општина Виница во надлежност на општината, Одделение за инспекциски работи– Инспекторат, Општински градежен инспектор.

Член 2

Градоначалниците на двете општини ќе склучат Договор за меѓуопштинска соработка во кој ќе се утврди видот и времетраењето на вршењето на услугите, условите и постапките за престанок на договорот и други прашања.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2689/1 Совет на Општина Берово
18.06.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог на актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Берово и Општина Виница

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог на актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Берово и Општина Виница со Бр.09-2690/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/35 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Советот на Општина Берово на 13-тата седница, одржана на ден 18.06.2026 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на
предлог на актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка
помеѓу Општина Берово и Општина Виница

Член 1

За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог на актот воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Берово и Општина Виница, од Општина Берово се именуваат лицата:

- Коста Бугариновски и
- Емилија Ваканска.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2690/1 Совет на Општина Берово
18.06.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*******************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за давање на согласност на Годишен План за вработување на
ОСУ„Ацо Русковски '' Берово за 2027 година

Се објавува О Д Л У К А за давање на согласност на Годишен План за вработување на ОСУ„Ацо Русковски '' Берово за 2027 година со Бр.09-2691/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/36 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен Весник на РСМ” бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Берово на 13-тата седница одржана на ден 18.06.2026 година донесе:

О Д Л У К А
за давање на согласност на Годишен План за вработување на
ОСУ„Ацо Русковски ‘’ Берово за 2027 година

Член 1

Се дава согласност на Годишен План за вработување на ОСУ„Ацо Русковски ‘’ Берово за 2027 година, Берово за 2027 година, архивски број 01-186/1 со датум на подготовка 09.06.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2691/1 Совет на Општина Берово
18.06.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

**О Д Л У К А**
**за доделување на поединечна субвенција на граѓани од подрачјето на Општина Берово кои набавиле енергетски ефикасни грејни тела (инвертор клими и топлински пумпи) и определување на максимален износ за 2026 година**

Се објавува **О Д Л У К А за доделување на поединечна субвенција на граѓани од подрачјето на Општина Берово кои набавиле енергетски ефикасни грејни тела (инвертор клими и топлински пумпи) и определување на максимален износ за 2026 година** со Бр.09-2692/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/37 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” бр.5.2002) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), а согласно Програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2026 година Бр. 09-4380/1

од 5.12.2025 година, Советот на Општина Берово на 13-та седница одржана на 18.06.2026 година, донесе:

О Д Л У К А
за доделување на поединечна субвенција на граѓани од подрачјето на Општина Берово кои набавиле енергетски ефикасни грејни тела (инвертор клими и топлински пумпи) и определување на максимален износ за 2026 година

Член 1
Се донесува Одлука за доделување на поединечна субвенција на физичко лице – жител на општина Берово кои набавиле енергетски ефикасни грејни тела (инвертор клими и топлински пумпи) 2026 година.

Со оваа Одлука се определува и максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција на физички лица за купени енергетски ефикасни грејни тела (инвертор клими и топлински пумпи) за 2026 година.

Член2
Максималниот износ за поединечна субвенција за купени **енергетско ефикасни грејни тела (инвертор клими и топлински пумпи)** по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на грејниот уред (инвертор клими и топлински пумпи), но не повеќе од 15.000,00 денари по лице.

Член 3
Финансиските средства за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Општина Берово за 2026 година, согласно усвоената Програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2026 година Бр. 09-4380/1 од 5.12.2025 година, во висина од 600.000,00 денари.

Член 4
Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен **енергетски ефикасн уред (инвертор клими и топлински пумпи)** ќе се утврди со посебен Правилник донесен од страна на Советот на Општина Берово.

Член 5
Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2692/1 Совет на Општина Берово
18.06.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
ПРАВИЛНИК
за начинот на користење на финансиските средства од Буџетот на Општина Берово за субвенционирање на граѓани од подрачјето на Општина Берово кои набавиле енергетски ефикасни грејни тела (инвертор клими и топлински пумпи)

Се објавува **ПРАВИЛНИК за начинот на користење на финансиските средства од Буџетот на Општина Берово за субвенционирање на граѓани од подрачјето на Општина Берово кои набавиле енергетски ефикасни грејни тела (инвертор клими и топлински пумпи)** со Бр.09-2693/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/38 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на користење на финансиските средства од Буџетот на Општина Берово за субвенционирање на граѓани од подрачјето на Општина Берово кои набавиле енергетски ефикасни грејни тела (инвертор клими и топлински пумпи)

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства од Буџетот на Општина Берово наменети за надоместување на дел од трошоците (субвенционирање) на граѓаните од подрачјето на Општина Берово кои набавуваат енергетски ефикасни грејни тела (инвертор клима уреди и топлински пумпи) во тековната година.

**Член 2**

Право на учество на Јавниот повик согласно овој Правилник имаат жителите на Општина Берово кои ќе набават енергетски ефикасно грејно тело за затоплување на своето домаќинство (станбен објект) во периодот од денот на објавувањето на Јавниот повик до денот на завршувањето на повикот, и кои ќе поднесат уредна и комплетна документација.

**Член 3**

Вкупните финансиски средства за субвенционирање на граѓаните за набавка на енергетски ефикасни грејни тела се утврдуваат со Одлука на Советот на Општина Берово која се однесува за конкретна тековна година.

Финансиските средства се доделуваат по принципот „прв дојден, прв услужен“, според датумот и времето (час и минута) на поднесување на барање со комплетна документација со сите потребни документи во архивата на Општина Берово, до целосно исцрпување на предвидениот Буџет за таа намена.

### II. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

За реализација на средствата од Член 3, Општина Берово објавува Јавен повик на официјалната веб-страница на општината (https://berovo.gov.mk/), на огласната табла во општината и во локалните електронски медиуми.

Јавниот повик содржи: вкупен износ на средства, поединечен износ на субвенција по домаќинство, услови за аплицирање, потребна документација, рок и место за поднесување на барањата и период на одлучување.

Јавниот повик трае од денот на неговото објавување до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот, но не повеќе од 60 дена од денот на објавувањето на Јавниот повик. За исцрпувањето на средствата, Општина Берово веднаш ја информира јавноста на својата веб-страница.

### III. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

**Член 5**

На барателот ќе му бидат надоместени дел од трошоците направени при набавка на енергетски ефикасно грејно тело во висина од максимум 50%, но не повеќе од 15.000 денари во нето износ по одобрено барање.

Барателот потребно е да ги исполни следните услови:

- Да е жител на Општина Берово;
- Да нема добиено финансиски средства за набавка на енергетски ефикасно грејно тело од било кој друг извор (државен орган, министерство, преку други програми или меѓународни проекти) во Република

Северна Македонија;

- До поднесување на барањето да бил корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут;
- Новото енергетски ефикасно грејно тело да е купено во периодот од денот на објавувањето до денот на завршувањето на Јавниот повик и да биде инсталирано на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот;
- Станбениот објект каде што се инсталира уредот да не е во фаза на градба и во него барателот ефективно да живее;
- Само едно лице од едно домаќинство може да поднесе едно барање за добивање на субвенција;
- Набавената инвертор клима да поседува минимален стандард на енергетска ефикасност (минимум А++ класа за потрошувачка на електрична енергија за греење/ладење или минимум 4.0 SCOP вредност).

При распределба на средствата, предност (право на првенство) ќе имаат барателите кои припаѓаат на следните ранливи категории, по следниот редослед:

1. **Стари лица и пензионери кои живеат во едночлено домаќинство (самци)**, кои поради старост, влошена здравствена состојба или осаменост не се во можност самостојно да обезбедат или да се грижат за грејната сезона;
2. **Семејство кое има член - лице со попреченост** (лица со утврден степен на попреченост, со телесна, интелектуална, сетилна или комбинирана попреченост во домаќинството);
3. **Приматели на социјална помош и лица во социјален ризик** (ранливи категории согласно закон);
4. **Самохрани родители;**
5. **Повеќечлени семејства** (домаќинства со пет или повеќе членови, или семејства со три и повеќе деца)

## IV. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ДОСТАВУВАЊЕ БАРАЊА

### Член 6

Образецот на Барањето граѓаните можат да го подигнат во архивата на Општина Берово или да го преземат од официјалната веб-страница на општината.

### Член 7

При поднесување на Барањето, апликантот е должен веднаш да ја достави комплетната документација во еден круг (пакет), која ги содржи следните документи:

1. Пополнето Барање (образец подготвен од Општината);
2. Фотокопија од важечка лична карта (како доказ за жителство и адреса);
3. Оригинал фискална сметка или фактура со сметкопотврда (изготвени во периодот на траење на Јавниот повик), како доказ за купено енергетски ефикасно грејно тело;
4. Фотокопија од трансакциска сметка на име на барателот;
5. Потврда за платен данок на имот за станбениот објект каде што е инсталиран уредот, заклучно со претходната календарска година;
6. Изјава под полна материјална и кривична одговорност (образец подготвен од Општината, која се потпишува лично и со која барателот потврдува:
    - дека досега не искористил субвенција за истата намена од друг извор во РСМ,
    - дека дотогаш користел печка на цврсти/течни горива,
    - дека објектот не е во фаза на градба
    - дека се обврзува уредот да биде инсталиран на неговата адреса.
7. Чек од последна пензија и изјава за заедница на живеење (потпишана под морална и кривична одговорност) дека лицето живее само (за стари лица и пензионери самци);
8. Решение, наод и мислење или потврда од надлежна институција/комисија за утврден степен на попреченост(за категоријата лица со попреченост);
9. Решение од Центарот за социјални работи за ранливи категории / Социјална помош;
10. Потврда/Извод од матична книга на родени за децата или Изјава за членовите на домаќинството за повеќечлено семејство.

**Член 8**

Барателот ги доставува барањето и прилозите во затворен плик преку архивата на Општина Берово (Ул. „Димитар Влахов“ бр. 10, 2330 Берово), секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

На пликот задолжително се наведува назнаката: „До Комисијата за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓани за набавка на енергетски ефикасно грејно тело за тековната година“.

Службеникот во архивата е должен на самиот плик и во архивската книга точно да го евидентира времето на пристигнување (датум, час и минута) на барањето.

**V. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ**

**Член 9**

Градоначалникот на Општина Берово формира Комисија за спроведување на Јавниот повик, составена од 5 (пет) члена и 5(пет) заменик членови од редот на општинската администрација.

Постапката се спроведува во две фази:

- **Прва фаза (Административна проверка):** Комисијата ги разгледува пристигнатите пликови по редослед на нивното поднесување (датум и час) и утврдува дали документацијата е уредна, комплетна и дали уредот ги исполнува техничките критериуми од Член 5.
- **Втора фаза (Теренски увид):** Кај барателите кои ја поминале првата фаза, Комисијата задолжително врши теренски увид во станбениот објект за да утврди дека грејното тело е навистина купено, инсталирано и пуштено во функција на наведената адреса, како и дека објектот не е во фаза на градба.

Барателот е должен да и овозможи слободен пристап на Комисијата до просториите каде што е инсталиран уредот. Доколку барателот одбие или оневозможи увид, истиот со решение ќе биде задолжен да ги врати исплатените средства.

**Член 10**

По завршување на теренските увиди, Комисијата изготвува Извештај со предлог-листа на одобрени барања и предлог-листа на одбиени барања. Листата содржи: Име и презиме на барателот, адреса, датум/час на аплицирање, нето-износ за исплата и износ на персонален данок.

Врз основа на Извештајот од Комисијата, Градоначалникот на Општина Берово донесува Решение за одобрување на барањето и исплата на средствата, или Решение за одбивање на барањето, во рок од 30 дена од денот на затворањето на Јавниот повик.

Доколку во првата фаза Комисијата констатира дека барањето е некомплетно (недостасува одреден документ), во рок од 7 дена од денот на **официјалното записничко констатирање на недостатокот**, Комисијата писмено го известува барателот и му овозможува рок од 5 работни дена за дополнување на документацијата, под услов финансиските средства да не се целосно исцрпени до тој момент.

Исплатата на одобрените средства се врши сукцесивно на трансакциската сметка на граѓаните, по донесувањето на Решението од страна на Градоначалникот, а согласно буџетските можности.

**VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-2693/1 Совет на Општина Берово

18.06.2026 година Претседател

Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.

13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**О Д Л У К А**
*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација*
***Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште со намена Е1.13 - Површински соларни и Фотоволтаични електрани, во дефинирана ГП со намена Е1.6- Канализациони системи со Пречистување на отпадни води , КО Владимирово, Општина Берово***

Се објавува **О Д Л У К А** *за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација* ***Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште со намена Е1.13 - Површински соларни и Фотоволтаични електрани, во дефинирана ГП со намена Е1.6- Канализациони системи со Пречистување на отпадни води , КО Владимирово, Општина Берово*** со Бр.09-2694/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/39 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 39, а во врска со член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23) и Програмата за изработка на урбанистички планови за 2026 година на подрачјето на Општина Берово, со бр. 09-4382/1 од 05.12.2025 година, од Совет на Општина Берово, а по поднесеното барање од „ПАРАМЕТАР“ ДООЕЛ Скопје, како полномошник на Општина Берово, примено под број 20-2536/1 од 09.06.2026 година, за изработка на Урбанистичко планска документација-Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште со намена Е1.13- Површински соларни и Фотоволтаични електрани, КО Владими-рово, надвор од планскот опфат на УПС Владимирово, Советот на Општина Берово на 13-та седница одржана на ден 18.06.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација*
***Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште со намена Е1.13 - Површински соларни и Фотоволтаични електрани, во дефинирана ГП со намена Е1.6- Канализациони системи со Пречистување на отпадни води , КО Владимирово, Општина Берово***

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа иницијативата за изработка на Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште со намена Е1.13 - Површински соларни и Фотоволтаични електрани, во дефинирана ГП со намена Е1.6 - Канализациони системи со Пречистување на отпадни води, на КП 645, 643, 649, 642, 641, 640, 639, 638, 506, 509, 507, 506 и дел од КП 359, КО Владимирово, Општина Берово, што е надвор од планскиот опфат на УПС Владимирово, и за предметните парцели не постои друга урбанистичко планска документација осфен цитираната.

Член 2

Се задолжува одделението за урбанизам, согласно Законот за урбанистичко планирање, да отпочне со постапка за изработка на урбанистичко планска документација - Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште со намена Е1.13 - Површински соларни и Фотоволтаични електрани, во дефинирана ГП со намена Е1.6 - Канализациони системи со Пречистување на отпадни води, на КП 645, 643, 649, 642, 641, 640, 639, 638, 506, 509, 507, 506 и дел од КП 359, КО Владимирово, Општина Берово.

Член 3

Сите трошоците потребни за изработка на урбанистичко планската документација ќе ги финансира подносителот „ПАРАМЕТАР“ ДООЕЛ Скопје, како заинтересирана странка, а по потреба може да склучи посебен договор за финансирање, помеѓу инвеститорот и Општина Берово.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи донесената Одлука со бр. 09-4243/1 од 02.11.2023 год. од барателот „ФОТОВОЛТ МЕ“ ДООЕЛ Струмица. Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Берово.

Бр.09-2694/1 Совет на Општина Берово

18.06.2026 година Претседател

Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

Графички прилог:




КП 645, 643, 649, 642, 641, 640, 639, 638, 506, 509,507, 506 и дел од КП 359, КО Владимирово

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**О Д Л У К А**

*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација*

***Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена***

***А4 - Времено сместување во Викенд куќи, на КП 7379,***
***КО Берово вон-град, Општина Берово,***

Се објавува **О Д Л У К А** *за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација* ***Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4 - Времено сместување во Викенд куќи, на КП 7379, КО Берово вон-град, Општина Берово,*** со Бр.09-2695/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-2704/40 | ОПШТИНА БЕРОВО |
| 18.06.2026 година | Градоначалник |
| Б е р о в о | Петар Ружински с.р. |

*********************

Врз основа на член 39, а во врска со член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Програмата за изработка на урбанистички планови за 2026 година на подрачјето на Општина Берово, со бр. 09-4382/1 од 05.12.2025 год, од Совет на Општина Берово, а по поднесеното барање од ЈОВАН РАБАЏИСКИ од Берово, примено во Општина Берово под број 20-2444/1 од 02.06.2026 год, за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, за градби со намена А4 - Времено сместување во Викенд куќи, на КП 7379, КО Берово вон-град, надвор од планскот опфат на ГУП на Берово, Советот на Општина Берово на 13-та седница одржана на ден 18.06.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација*
***Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена***
***А4 - Времено сместување во Викенд куќи, на КП 7379,***
***КО Берово вон-град, Општина Берово,***

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа иницијативата за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4 - Времено сместување во Викенд куќи, на КП 7379, КО Берово вон-град, Општина Берово, што е надвор од планскиот опфат на ГУП на Берово, и за предметните катастарски парцели нема донесено никаква друга урбанистичко планска документација.

Член 2

Се задолжува одделението за урбанизам, согласно Законот за урбанистичко планирање, да отпочне со постапка за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4 - Времено сместување во Викенд куќи, на КП 7379, КО Берово вон-град, Општина Берово.

Член 3

Сите трошоците потребни за изработка на урбанистичко планската документација ќе ги финансира барателот ЈОВАН РАБАЏИСКИ од Берово, како заинтересирана странка согласно член 40, став 4 од Законот за урбанистичко планирање, а по потреба може да се склучи посебен договор за финансирање, помеѓу инвеститорите и Општина Берово.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Берово.

Бр.09-2695/1 Совет на Општина Берово

18.06.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

**********************




КП 7379, КО Берово вон-град, - М.В. Абланица

*****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**О Д Л У К А**

*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација*

***Урбанистички Проект вон опфат на план, со намена А4 - Времено сместување - формирање на ГП за куќи за потребите на селски туризам, на КП 15473 и КП 15494, КО Владимирово, Општина Берово***

Се објавува **О Д Л У К А** *за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација* ***Урбанистички Проект вон опфат на план, со намена А4 - Времено сместување -формирање на ГП за куќи за потребите на селски туризам, на КП 15473 и КП 15494, КО Владимирово, Општина Берово*** , со Бр.09-2696/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/41 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

***********************

Врз основа на член 39, а во врска со член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23) и Програмата за изработка на урбанистички планови за 2026 година на подрачјето на Општина Берово, со бр. 09-4382/1 од 05.12.2025 год, од Совет на Општина Берово, а по поднесеното барање од ВАНЧО ПОП-ПЕТРОВСКИ од Скопје, примено во Општина Берово под број 20-2452/1 од 02.06.2026 година за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на план, со намена А4 - Времено сместување - -

формирање на ГП за куќи за потребите на селски туризам, на КП 15473 и КП 15494, КО Владимирово, надвор (на граница) на опфат на УПС Владимирово, Советот на Општина Берово на 13-та седница одржана на ден 18.06.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација*

***Урбанистички Проект вон опфат на план, со намена А4 - Времено сместување -формирање на ГП за куќи за потребите на селски туризам, на КП 15473 и КП 15494, КО Владимирово, Општина Берово***

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа иницијативата за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на план, со намена А4 - Времено сместување - - формирање на ГП за куќи за потребите на селски туризам, на КП 15473 и КП 15494, КО Владимирово, надвор (на граница) на опфат на УПС Владимирово, Општина Берово, надвор од опфатот на УПС за село Владимирово, за разработка на катастарската парцела како градежна и дефинирање на површина за градење, а усогласена со потребната намена на инвеститорот.

Член 2

Се задолжува одделението за урбанизам, согласно Законот за урбанистичко планирање, да отпочне со постапка за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на план, со намена А4 - Времено сместување - формирање на ГП за куќи за потребите на селски туризам, на КП 15473 и КП 15494, КО Владимирово, Општина Берово.

Член 3

Сите трошоците потребни за изработка на урбанистичко планската документација ќе ги финансира барателот ВАНЧО ПОП-ПЕТРОВСКИ од Скопје, како заинтересирана странка, согласно член 40, став 4 од Законот за урбанистичко планирање, а по потреба може да склучи посебен договор за финансирање, помеѓу инвеститорите и Општина Берово.

Член 4

Со до=несување на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр. 09-531/1 од 10.02.2025 год, и истата влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Берово.

Бр.09-2696/1 Совет на Општина Берово

18.06.2026 година Претседател

Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

**********************



***КП 15473 и 15494, КО Владимирово***

***********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02,

18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за
2026 година

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2026 година со Бр. 09-2557/2 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/42 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово ("Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), а во врска со Барањето за еднократна парична помош на Александра Радински со арх. бр.09-2557/1 од 10.06.2026 година, Советот на Општина Берово на 13-тата Седница одржана на ден 18.06.2026 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за 2026 година

1. На Александра Радински ,со адреса на живеење ул.Димитар Беровски бр.хх Берово , со ЕМБГ ххх и се доделуваат 10.000,оо денари (десет илјади денари), еднократна финансиска парична помош ,поради незавидна финансиска положба.
2. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2026 година, програма А0, потставка 412110 – постојана резерва (непредвидливи расходи).
3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка со бр.хххх при Стопанска Банка АД Скопје со назнака еднократна финансиска парична помош , поради незавидна финансиска положба.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2557/2 Совет на Општина Берово
18.06.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за
2026 година

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2026 година со Бр.09-2531/2 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/43 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово ("Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), а во врска со Барањето за еднократна парична помош на Гоце Пармачки со арх. бр.09-2531/1 од 08.06.2026 година, Советот на Општина Берово на 13-тата Седница одржана на ден 18.06.2026 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за 2026
година

5. На Гоце Пармачки ,со адреса на живеење ул./ бр.ББ с.Будинарци , со ЕМБГ xxxx му се доделуваат 5.000,оо денари (пет илјади денари), еднократна финансиска парична помош ,поради незавидна финансиска положба.
6. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2026 година, програма А0, потставка 412110 – постојана резерва (непредвидливи расходи).
7. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка со бр.240217019577242 при Уни Банка АД Скопје со назнака еднократна финансиска парична помош , поради незавидна финансиска положба.
8. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2531/2 Совет на Општина Берово
18.06.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за
2026 година

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2026 година со Бр.09-2613/2 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/45 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

**********************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово ("Службен гласник на Општина Берово" бр.13/2002, 18/2007, 30/2008, 20/2010, 20/19, 47/21,30/23 и 5/25 ), а во врска со Барањето за финансиска подршка на Здружението на граѓани Ратевски Бамбурци, примено во Општина Берово со бр.09-2613/1 од 16.06.2026 Советот на Општина Берово на 13-та Седница одржана на ден 18.06.2026 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за 2026 година

1.На Здружението на граѓани Ратевски Бамбурци, со ЕМБС 6442919 и ЕДБ 4001009501356 му се доделуваат 30.000,оо денари (триесет илјади денари), средства за покривање на трошоци за организација на настанот кој ќе се одржи по повод празниците на Светите Апостоли Петар и Павле.
2.Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2026 година, програма А0, потставка 412110 – постојана резерва (непредвидливи расходи).
3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка со број 200001904481211 СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ со назнака средства за покривање на трошоци за организација на настанот кој ќе се одржи по повод празниците на Светите Апостоли Петар и Павле.
4.Здружението на граѓани „Ратевски Бамбурци ''во Ратево е должно за средствата кои му се одобрени, по нивната реализација, а најдоцна до 15 јануари 2027 година, да достави до Општина Берово финансиски извештај за нивната реализација.
5.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2613/2 Совет на Општина Берово
18.06.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за
2026 година

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2026 година со Бр.09-2615/2 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 18.06.2026 година.

Бр.08-2704/44 ОПШТИНА БЕРОВО
18.06.2026 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*********************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/2002 и "Службен

Весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 5/25), а во врска со Барањето за еднократна парична помош на Мишела Трошанска со арх. бр.09-2615/1 од 16.06.2026 година, Советот на Општина Берово на 13-тата Седница одржана на ден 18.06.2026 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за доделување на средства од
Буџетот на Општина Берово за 2026 година

9. На Мишела Трошанска ,со адреса на живеење ул.Маршал Тито бр.хх с.Смојмирово , со ЕМБГ ххх и се доделуваат 10.000,оо денари (десет илјади денари), еднократна финансиска парична помош ,поради незавидна финансиска положба.
10. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2026 година, програма А0, потставка 412110 – постојана резерва (непредвидливи расходи).
11. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка со бр.ххх при Стопанска Банка АД Скопје со назнака еднократна финансиска парична помош , поради незавидна финансиска положба.
12. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Берово”.

Бр.09-2615/2 Совет на Општина Берово
18.06.2026 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*********************

ОПШТИНА БЕРОВО